# ЗАПИСНИК

од 9-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 24 август, 2022 г., Скопје

**<u>Присутни</u>**: Данела Арсовска (Градоначалник на Град Скопје), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Александар Нанчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Иван Митровски (со овластување од Орце Ѓорѓиевски, Градоначалник на Општина Кисела Вода), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

**<u>Дискусија</u>**:

Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Дискусија во однос на последните состојби поврзани со енергетската криза, состојбите во училиштата, јавните претпријатија и другите институции во надлежност на општините;**
2. **Избор на двајца членови во Комисија за финансирање при ЗЕЛС и Комисија за следење на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;**
3. **Разгледување на иницијативата доставена од општина Центар во врска со измена на одредби на Законот за градежно земјиште;**
4. **Разгледување на барање од општина Арачиново во однос на сервисирање на долгот кон ЗЕЛС по основ членски надоместок;**
5. **Извештај во однос на исполнување на заклучоците од претходната седница на Управниот одбор;**
6. **Разно.**

**ПРВА ТОЧКА:** Дискусија во однос на последните состојби поврзани со енергетската криза, состојбите во училиштата, јавните претпријатија и другите институции во надлежност на општините;

Како продолжение на дискусиите кои Управниот одбор, неколку седници по ред ги отвора, а се поврзани со состојбите предизвикани од енергетската криза и енормното зголемување на цената на реагенсите, дискусијата продолжи и на оваа седница на која покрај членовите на Управниот одбор присуствуваа и претставници на АДКОМ со оглед дека јавните претпријатија најмногу го чувствуваат негативниот тренд на зголемување на цените на електрична енергија, гас и останато.

Со оглед дека Управниот одбор на минатата седница ги задолжи со посебен заклучок членовите на Управниот Одбор градоначалници на општините Радовиш и Центар,

градоначалникот на општина Радовиш информираше за преземените активности и решенија со кои се очекува минимално да се ублажат последиците од актуелните состојби. Конкретно, ЗЕЛС одржа состанок со Регулаторната комисија за енергетика кај кои е воочен проблемот што со новиот тарифник за утврдување на висината на цените на електричната енергија, а согласно директивите на Европската унија, изоставена е посебна ставка за висина на јавно осветлување, па следствено, и покрај тоа што со Законот за комунални такси изречно е уредена висината на комуналната такса за улично осветлување по броило како реципрочна вредност на определена количина на електрична енергија изразена во kW/h, со единствената утврдена цена која има своја подгрупа на ниска и висока тарифа, постои неможност истата да биде соодветно пресметана. Согласно истиот Закон, субјектот кој врши дистрибуција на електрична енергија, во случајот ЕВН Македонија, нема методологија како да ја утврди висината на комуналната такса согласно новите цена, па до моментот на уредување на ова прашање, наплатата ќе ја врши по последно утврдената цена. На овој начин општините, во услови во неколкукратно зголемена цена на електрична енергија би остварувале минимален приход од комуналната такса што би предизвикало нивни енормни долгови. За да може да се ублажат ефектите од енергетската криза дел од општините предвидуваат изградба на инсталации како што се фотоволтаични панели, ветерници, користење на термални води итн., но проблем е што согласно прописите, производството на електрична енергија не претставува дејност од јавен интерес, па оттука општините не би можеле да се регистрираат како производители на електрична енергија нити јавните претпријатија основани од нив. Овој проблем е надминат преку взаемно усогласување на Централниот регистар, Министерството за економија и Регулаторната комисија за енергетика, кои предлагаат општините да основаат нови правни лица преку форма на акциоерско друштво или друштва со ограничена одговорност кои би можеле да бидат носители на лиценца за производство на електрична енергија. На овој начин, општините би ги компензирале трошоците за електрична енергија во сооднос и до 50%. Дел од општините веќе имаат основано правни лица, или за ова имаат утврдена дејност на малите јавни претпријатија со која уличното осветлување се организира, се одржува и се управува од страна на мал потрошувач за кој цената на електрична енергија согласно Законот за енергетика се пресметува по методологија за домаќинства.

Останатите членови на Управниот одбор дискутираа за енормно тешката ситуација со трошоците за електрична енергија во образовните установи како што е општина Куманово, каде исто така е драматична и состојбата со огромните долгови на јавното претпријатие за снабдување со вода за пиење. За оваа општина е специфично што истата во голема мера е гасифицирана, но цената на гасот е енормно зголемена и е невозможно да се сервисира. Речиси идентична е состојбата и во општина Охрид со јавното претпријатие за снавдување со вода за пиење.

Стана збор и за пречистителните станици кои генерираат огромни трошоци за електрична енергија а кои со овој тренд ќе мора да бидат исклучени при што постои опасност од настанување на еколошка катастрофа.

Што се однесува до образованието, општините се соочуваат со неможност да обезбедат средства за електрична енергија, греење, превоз на ученици, заради што се доведува под знак прашање почетокот на школската година со физичко присуство и организирање на он-лајн настава.

Претседателот на АДКОМ исто така се обрати на присутните, изрази своја лична и поддршка од страна на АДКОМ во изнаоѓање на решение за проблемот, за што изрази подготвеност својата поддршка да ја даде и со заедничко учество во разговорите кои итно мора да бидат организирани со претставници на Владата. Во своето обраќање тој укажа на ставот на АДКОМ донесен на седница на Управниот одбор на оваа организација и тоа:

- ЈКП да плаќаат струја по единствена цена за Kwt-5,2877 денари како што плаќаат физичките лица во блок 3 (максимална опција), без пресметување на ефтина и скапа тарифа

- Да се најде решение за трошоците за ангажирана моќност која е огромна ставка во фактурите

- Финансиска помош од државата за излез од оваа состојба ( покривање на разликата помеѓу планираните трошоци во Бизнис планот кој е поднесен до регулаторната комисија и по кој е одредена цената на водата и фактички настанатите трошоци)

Управниот одбор ги извести присутните дека Министерот за финансии го прифатил барањето за организирање на состанок со ЗЕЛС на кој ќе стане збор за состојбите со финансиската состојба предизвикана од енергетската криза во повеќето сектори, како и дискусија во однос на прашањето за комуналната такса.

Исто така, Министерството за финансии бара од ЗЕЛС да се произнесе со свое мислење во однос на воведување на електронски систем за водење на даночните постапки, но, како што е наведено во информацијата, овој систем задолжително мора да функционира на платформата воспоставена при останатите министерства. Присутните укажаа дека е одлично што станува збор за систем за електронско водење на даночни постапки, но дека проблемот е во обезбедувањето на податоците од катастарот за даночните обврзници, кој сега чини по 180 денари по обврзник, иако Владата во неформален разговор известила дека се преговара со Агенцијата за ктастар на недвижности оваа цена да се намали на прифатливи 20 денари, но во моментот ова не може да се потврди.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор бара итен состанок со Владата и сите ресорни министерства заради ублажување на последиците од енергетиката криза, презадолженоста на јавните претпријатија и состојбите во образованието заради опасноста од одложено започнување на школската година поради недостаток на средства за електрична енергија, греење и превоз на ученици.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ги прифаќа и дава поддршка на изнесените заклучоци од страна на АДКОМ, ја прифаќа поддршката за заедничка соработка за изнаоѓање на решенија за надминување на финансиските состојби предизвикани од енергетската криза и укажув ана потребата од взаемна координација и во иднина.

**ВТОРА ТОЧКА:** Избор на двајца членови во Комисија за финансирање при ЗЕЛС и Комисија за следење на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;

Оваа комисија носи клучни одлуки поврзани со развојот на системот на финансирање на единиците на локалната самоуправа но и тековната распределба на средства, заради што потребно е да во истата да членуваат градоначалници кои се добро упатени во проблематиката со финансирањето на општините.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор донесе Одлука за избор на градоначалникот на општина Центар и градоначалникот на општина Куманово за членови во Комисијата за следење на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кои истовремено се и членови на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС.

**ТРЕТА ТОЧКА:** Разгледување на иницијативата доставена од општина Центар во врска со измена на одредби на Законот за градежно земјиште;

Управниот одбор ја разгледа иницијативата на општина Центар со која се предлага измена на Законот за градежното земјиште во делот со кој се уредува постапката на отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба заради дооформување на градежна парцела заради условот кој е во моментот уреден, барателот да има во своја сопственост најмалку 30% од градежната парцела, за истото преку иницијативата да се замени со "најмалку 70%".

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа иницијативата на општина Центар за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште и истата ја усвојува заради што упатува барање до Министерството за транспорт и врски како овластен предлагач да отпочне постапка на соодветно изменување и дополнување на истиот Закон како што е утврдено со иницијативата.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА:** Разгледување на барање од општина Арачиново во однос на сервисирање на долгот кон ЗЕЛС по основ членски надоместок;

Општина Арачиново се обрати до ЗЕЛС со барање за склучување на Спогодба за изменување на Спогодбата за отплата на долгот на рати со која вкупниот долг на оваа општина кон ЗЕЛС би се исплаќал на рати не поголеми од 10.000 денари со барање за разбирање за моменталната финансиска состојба во која се наоѓа оваа општина, а исто така заради користење на електронскиот систем за отуѓување и давање под закуп на движни и недвижни ствари во сопственост на општината со кој управува ЗЕЛС а кој согласно посебна Одлука е дозволен за користење само на општините кои го подмириле долгот по основ на членарина кон ЗЕЛС.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор ја има во предвид финансиската состојба во која се наоѓа општината, а особено потребата да спроведе постапка за располагање со ствари во нејзина сопственост преку информацискиот систем е-ствари со кој управува ЗЕЛС, заради што донесе Одлука со која на општина Арачиново и се дозволува да склучи Спогодба за исплата на долгот кон ЗЕЛС на рати со ануитет во висина од 10.000 денари, но со оваа одлука не се врши отпис нити во било која форма намалување на долгот на општината кон ЗЕЛС.

**ПЕТТА ТОЧКА:** Извештај во однос на исполнување на заклучоците од претходната седница на Управниот одбор;

Оваа точка беше исцрпена со дискусиите во рамките на Првата точка од Дневниот ред и по истата немаше издвоена дискусија.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Избор на член во управните тела на Проектот "Јакнење на општинските совети ФАЗА 2"**

   По дискусија и предлози, Управниот одбор ја донесе следната:

   **ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука со која г-ѓа Габриела Илиевска, Претседател на Советот на општина Битола се избира за член во управното тело на Проектот "Јакнење на општинските совети ФАЗА 2".

2. **Мислење во однос на текстот на Предлог – Законот за даноците на имот и Предлог – Законот за комуналните такси**

   Предлог - Закон за даноци на имот и Предлог - Закон за комунални такса се достевени до ЗЕЛС на мислење. Се предлага утврдување на законски основ за спроведување на постапките за утврдување и наплата на даноците на имот и комуналните такси на електронски начин. Општините немаат капацитет за самостојно и поединечно

изработување, воведување, тековно одржување и надградба на вакви системи. ЗЕЛС е подготвен да ја преземе обврската и да ги изработи и да ги овозможи за сите општини, но за тоа е потребна финансиска поддршка од Владата.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор смета дека заради недостаток на капацитети секоја општина самостојно да изработи поединечен и сопствен електронски систем за водење на електронски постапки согласно Законот за даноците на имот и Законот за комуналните такси, ЗЕЛС да изработи вакви системи како единствени информациски системи по кои ќе постапуваат општините, при што податоците за даночните обврзници општините да ги добиваат од Агенцијата за катастар на недвижности бесплатно, а ЗЕЛС очекува за овие проекти да добие финансиска поддршка од Владата.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор дава поддршка на Министерството за финансии за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси во насока на соодветно утврдување на висината на комуналната такса за јавно осветлување.

**3. Разгледување на методологија за утврдување на висината на платите на пожарникарите во Републиката**

Министерството за одбрана како ресорно министерство надлежно за прашања од областа на заштитата и спасувањето, вклучително и противпожарната заштита, преку работна група формирана со посебно Решение, а со која раководи лично Министерот за одбрана, до институциите има доставено на мислење Предлог – Методологија за висината на платите на пожарникарите во Републиката. Методологијата е утврдена врз основа на постојниот Правилник кој се применува во Гадот Скопје со тоа што врз основа на Закон оваа надлежност за уредување на ова прашање би се утврдила на Министерството односно Владата. Со донесување на ваква методологија се очекува да запрат и судските постапки во однос на висината на платите и надоместоците на плата кои, според информациите на општините до ЗЕЛС, драстично ги зафаќаат буџетите на општините, особено на помалите општини.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор дава рок најдоцна до петок, 26 август, 2022 г. членовите на Управниот одбор да дадат свое мислење, а доколку истите не се произнесат ќе се смета дека е дадена согласност и за истото ќе се извести Министерството за одбрана. Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС издвоените мислења од страна на општините веднаш и без одлагање да бидат доставени до Министерството.

**4. Одлука за свикување на седница на Генералното собрание на ЗЕЛС**

Управниот одбор констатираше дека дел од членовите на Управниот одбор често отсуствуваат од седниците на овој орган на ЗЕЛС, а дека има и такви кои воопшто не присуствувале. За оваа цел, беше предложено, на Генералното Собрание на ЗЕЛС да му биде поднесен извештај за редовноста и овој орган да одлучи за избор на нови активни членови во Управниот одбор. Оваа постапка треба да се спроведе на седница која Управниот одбор ја закажува да се одржи на 14 септември во 12 ч. на електронски начин преку користење на ZOOM видео платформата.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор на ЗЕЛС согласно Статутот ја свикува 3-та седница на Генералното собрание која ќе се одржи на електронски начин на ден 14 септември, 2022 г. (среда) со почеток во 12:00 ч.

Генералното собрание на оваа седница ќе расправа по следниот предлог:

ДЕНЕВЕН РЕД

1. Одлука за замена и кооптирање на членови во Управниот одбор на ЗЕЛС заради нивната редовност и активно учество во работата на овој орган;
2. Усвојување на извештај за наплата на членарината во ЗЕЛС;
3. Разно

**Скопје, 24 август, 2022 г.**

**Изработил,**
**Стручна служба на ЗЕЛС**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС;**
**Претседател,**
**Данела АРСОВСКА**